Врз основа на член 10-а став (2) од Законот за финансиски друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр.158/2010 и 53/2011), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК
# за формата и содржината на барањето за донесување на решение за издавање на дозвола за основање и работа на финансиско друштво, односно за одбивање на барањето за основање и работа на финансиско друштво

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за донесување на решение за издавање на дозвола за основање и работа на финансиско друштво односно за одбивање на барањето, барањето за донесување на решение за издавање на дозвола за статусни промени на финансиско друштво односно одбивање на барањето и барањето за донесување на решение за согласност за промена на член на орган на управување на финансиско друштво односно за одбивање на барањето заради недонесување на решение во рокот утврден во членот 10 став (1) од Законот за финансиски друштва.

## Член 2

Барањето за донесување на решение за издавање на дозвола за основање и работа на финансиско друштво, односно за одбивање на барањето се поднесува на образец – „Барање за донесување на решение за издавање на дозвола за основање и работа на финансиско друштво, односно за одбивање на барањето“, во А-4 формат на бела хартија, даден во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

## Член 3

Барањето за донесување на решение за издавање на дозвола за статусни промени на финансиско друштво, односно одбивање на барањето се поднесува на образец – „Барање за донесување на решение за издавање на дозвола за статусни промени на финансиско друштво, односно одбивање на барањето “, во А-4 формат на бела хартија, даден во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Барањето за донесување на решение за согласност за промена на член на орган на управување на финансиско друштво, односно одбивање на барањето се поднесува на образец – „Барање за донесување на решение за согласност за промена на член на орган на управување на финансиско друштво, односно одбивање на барањето “, во А-4 формат на бела хартија, даден во Прилог 3 кој е составен дел на овој правилник.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.12-
03 мај 2011 година
Скопје

МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ
м-р Зоран Ставрески

ПРИЛОГ 1

ДО ПИСАРНИЦАТА НА МИНИСТЕРОТ ЗА ФИНАНСИИ

БАРАЊЕ
за донесување на решение за добивање дозвола за основање и работа на финансиско друштво

Од_______________________________________________________________________________

(назив на правно лице/име и презиме на физичко лице - подносител на барањето)

_________________________________________________________________________________

(седиште на правно лице/адреса на физичко лице - подносител на барањето)

**Краток опис поради што се поднесува барањето:**

Молам министерот за финансии во рокот утврден во член 10-а став (4) од Законот за финансиски друштва да постапи по барањето за добивање дозвола за основање и работа на финансиско друштво поднесено под број _________________ од ______________ година до Министерството за финансии.

Кон барањето поднесувам копија од барањето број ________________ од ______________ година.

**Место и датум** **Подносител на барањето**

_________________________ ________________________________________

ПРИЛОГ 2

ДО ПИСАРНИЦАТА НА МИНИСТЕРОТ ЗА ФИНАНСИИ

БАРАЊЕ
за донесување на решение за добивање дозвола за статусни промени на финансиско друштво

Од_______________________________________________________________________________
(назив на финансиско друштво - подносител на барањето)

________________________________________________________________________________
(седиште на финансиско друштво - подносител на барањето)

**Краток опис поради што се поднесува барањето:**

Молам министерот за финансии во рокот утврден во член 10-а став (4) од Законот за финансиски друштва да постапи по барањето за добивање дозвола за статусни промени на финансиско друштво поднесено под број _______________ од ____________ година до Министерството за финансии.

Кон барањето поднесувам копија од барањето број ______________ од ____________ година.

**Место и датум** **Подносител на барањето**

_______________________ _______________________________________

ПРИЛОГ 3

ДО ПИСАРНИЦАТА НА МИНИСТЕРОТ ЗА ФИНАНСИИ

БАРАЊЕ
за донесување на решение за согласност за промена на член на орган на управување на финансиско друштво

Од_____________________________________________________________________________________
(назив на финансиско друштво - подносител на барањето)

_______________________________________________________________________________________
(седиште на финансиско друштво - подносител на барањето)

**Краток опис поради што се поднесува барањето:**

Молам министерот за финансии во рокот утврден во член 10-а став (4) од Законот за финансиски друштва да постапи по барањето за добивање согласност за промена на член на орган на управување на финансиско друштво поднесено под број __________________ од _______________ година до Министерството за финансии.

Кон барањето поднесувам копија од барањето број _________________ од _______________ година.

**Место и датум** **Подносител на барањето**

___________________________ ____________________________________________